Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr. 02-1093/20
27.06 2024
Скопје/Shkup

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2024 година (Сл.весник на РСМ бр.283/23), член 3 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите (Сл.весник на РСМ бр.16/24), член 8 став 2 и член 9 алинеја 9 од Законот за судски буџет (Сл.весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10) и член 12 став 1 од Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет бр.01-547/24 од 12.05.2014 година, Судскиот буџетски совет на ден 27.06.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За исплата на додатоци на плата на вработените во Судскиот совет на РСМ и Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ согласно Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите (Сл.весник на РСМ бр.16/24)**

Член 1

Судскиот буџетски совет донесува Одлука за исплата на додатоци на плата на вработените во Судскиот совет на РСМ и Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ согласно Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите (Сл.весник на РСМ бр.16/24).

Член 2

Висината на додатоците на плата и временскиот период на нивна исплата во рамките на тековната фискална 2024 година да бидат согласно обезбедените средства за оваа намена во Судскиот буџет, во делот наменет за плати, односно од масата на средства на месечно ниво за категорија 40-Плати и надоместоци, односно за ставка 401-Основни плати и ставка 402-Придонеси за социјално осигурување.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Согласно член 9 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2024 година (Сл.весник на РСМ бр.283/23), вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите имаат право на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен

обем на работа, доколку во буџетот на буџетските корисници, единките корисници и фондовите се обезбедени средства за оваа намена.

Согласно член 3 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите (Сл.весник на РСМ бр.16/24), вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите, без избраните и именуваните лица, го остваруваат правото на додаток на плата во висина до 30% од износот од основната плата, само доколку во буџетот на буџетскиот корисник, единката корисник и фондовите, во делот наменет за плати, има обезбедено средства за оваа намена. Обезбедените средства за оваа намена подразбираат дека месечното барање за исплата на плата не е поголемо од месечното право на трошење, утврдено без планираните средства за нови вработувања и унапредувања. Додатокот на плата може да се исплаќа за временски период од најмалку еден месец, а најмногу за 12 месеци во тековната фискална година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**